Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија” бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 96/19 и 110/19), како и врз основа на член 50 став 6 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/2019) министерот за образование и наука донесе скратена наставна програма по наставниот предмет *општество* за V одделение на деветгодишното основното образование за учебната 2020/21 година.

СКРАТЕНА НАСТАВНА ПРОГРАМА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# ОПШТЕСТВО

V Одделение

Август 2020 година

ДЕВЕТГОДИШНО

ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

## 1. Вовед

Скратената наставна програма по наставниот предмет *општество* се базира на целите/очекуваните резултати предвидени со наставната програма за наставиот предмет што редовно се реализира согласно утврдениот наставен план.

Со скратенета програма се утврдуваат определени теми и наставни единици што треба да се реализираат за 159 наставни денови и наставни часови во траење од 30 минути при, што се запазува предвидениот неделен фонд на часови утврден во редовната програма, 2 часа неделно, односно вкупно 64 часа.

Наставникот при планирањето и реализацијата на наставните единици од скратената програма се води од целите/очекуваните резултати, определените поими, методите и активностите утврдени во редовната наставна програма.

## 2. Преглед на теми и наставни единици

| ТЕМА 1: НАШАТА ТАТКОВИНА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА( 25 ЧАСА) |
|---|
| **Наставни единици:**<br>1. Нашатататкoвина Република Северна Македонија<br>2. Република Северна Македонија и нејзините соседи<br>3. Државни симболи на Република Северна Македонија<br>4. Местоположба на РСМакедонија<br>5. Скопје главен град на РСМакедонија<br>6. Природни особености на РСМакедонија<br>7. Периодизаација на македонското минато<br>8. Македонија во средниот век<br>9. Османлиското владеење во Македонија<br>10. Македонија за време на Балканските војни |

11. Македонија за време на Првата и Втората светска војна
12. Формирање на современа македонска држава
13. Државно уредување на РСМакедонија
14. Населението на РСМакедонија
15. Стопанството и стопанските дејности во РСМакедонија
16. Туризмот во РСМ
17. Влијанието на природните фактори врз развитокот на стопанството во РСМакедонија
18. Рудното богатство, фактор во развојот на стопанството
19. Туризмот во РСМакедонија
20. Културниот живот и институциите на културата во РСМакедонија
21. Религии и верски институции во РСМакедонија
22. Права и должности на граѓаните на РСМакедонија

## ТЕМА2 : ЛИЧНОСТА ВО ГРУПАТА И ВО ОПШТЕСТВОТО (18 ЧАСА)

**Наставни единици:**

1. Личниот живот на поединецот
2. Личноста и животот во група
3. Влијанието на човекот врз срдината
4. Социјализација на личноста во групата
5. Фактори на социјализација
6. Улогата на семејството, врсничка група, училиштето и мас-медиумите
7. Девијација и девијантно однесување на личноста во групата
8. Правила на однесување во средината и исполнување на должностите
9. Поим за конфликти
10. Причини за појава на конфликти

11. Методи на разрешување на конфликти
12. Основни човекови права
13. Правата на децата како човекови права

| ТЕМА 3: РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО СВЕТОТ(21 ЧАСА) |
|---|
| **Наставни единици:**<br><br>1. Културното наследство на тлото на РСМакедонија<br>2. Македонска мултикултурна ризница<br>3. Споменици на културата<br>4. Музеи во град Скопје<br>5. Иселеништвото од РСМакедонија<br>6. Странците во РСМакедонија<br>7. РСМакедонија и европската интеграција -Европска унија<br>8. Институциите на Европска унија<br>9. Симболи на Европската унија<br>10. Основните функции на европските институции<br>11. Основните проблеми во светот и во РСМакедонија<br>12. Учеството на РСМакедонија во разрешувањето на проблемите во светот<br>13. Енергија – алтернативни можности<br>14. Глобалниот свет и сообраќајот<br>15. Заштита на животната средина |

## 3. Дидактички препораки

Појдовна основа за реализација на скратената наставна програма по наставниот предмет *општество* е редовната наставна програма (конкретните цели, поими, предложените активностии методи). Скратената наставна програма по општество за петто одделение содржи три теми. За секоја тема, даден е вкупниот број на часови што треба да се реализира во текот на учебната 2020/2021година. Тие се сообразени со препораките за реализација на наставата во рамки на 159 наставни денови. За реализација на програмата наставникот, покрај наставните единици за разработка на нови содржини треба да планира наставни единици во кои ќе бидат вклучени посети, истражувања, разговори и дискусии кои ќе водат во насока на усвојување, утврдување, проширување и продлабочување на знаењата на учениците.

За квалитетна и ефикасна реализација на програмата важно е планирањето на наставникот, кое треба да се базира на целите, дидактичките насоки, односно, формите, методите и активностите утврдени во редовната наставна програма. Покрај тоа наставникот треба да ги земе предвид развојните карактеристики и претходно усвоените знаења на учениците за конкретниот предмет. Имајќи го предвид сето тоа, тој треба да направи соодветен избор на наставни средства и материјали, да осмисли и понуди активности, кои се интересни и стимулативни за учениците и кои често треба да произлегуваат од реалинте животните ситуации. Ефикасната реализација на наставните единици во оваа наставна програма, особено за формирањето на поимите од страна на учениците, многу зависи од примената на интегрираниот приод. Тоа значи дека при планирањето на дневната тема/часовите по *општество* максимално се користат можностите за интегрирано поврзување со наставните предмети: мајчин јазик, математика, ликовно образование, музичко образование и физичко и здравствено образование. Во таа насока, наставникот може да ги користи и работилниците од програмата за образование за животни вештини, кои нудат одлична можност за успешно справување со предизвиците на секојдневниот живот. Поаѓајќи од целите на учењето, секогаш кога е можно, во процесот на учењето треба да им се овозможи на учениците избор на различни активности и содржини согласно со нивните субјективни интереси. Најефикасни методи на учење во наставата по општество се оние методи кои учениците ги ставаат во адекватна активна позиција во процесот на стекнување на знаења. Потребно е наставникот да креира ситуации на учење во кои ќе дојдат до израз различните активности што овозможуваат различни начини на учење, користење

на различни средства, материјали и извори на учење, во согласност со можностите и времетраењето на наставниот час од 30 минути.

### 4. Норматив за наставен кадар

Скратената наставна програма ја реализира наставик согласно нормативот за наставен кадар даден во редовната настава програма

Скратената наставна програма по наставниот предмет *општество* за петто одделение на деветгодишното основното образование за учебната 2020/2021 година ја утврди

Арх. Бр. 12-8424/196
16.09.2020

Министер за образование и наука
Мила Царовска